# МАКОТЕКС АД - Скопје

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2005,**
**со извештај на овластените ревизори**

**Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2005, со извештај на овластените ревизори

## СОДРЖИНА


| | **<u>Страна</u>** |
|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ** | **3 - 4** |
| **БИЛАНС НА УСПЕХ** | **5** |
| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА** | **6** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ** | **7** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК** | **8** |
| **БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** | **9 - 18** |

**Б и Љ,**
**Боро и Љупчо**
**доо - Скопје**

Ревизија, Проценка и Финансиски
Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје
Македонија

Тел: +389 (02) 3066-604
Факс: +389 (02) 3061-185

# ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ

**До Акционерите на МАКОТЕКС АД - Скопје**

На Ваше барање извршивме ревизија на финансиските извештаи на МАКОТЕКС АД - Скопје - Скопје за 2005 година. Составен дел на финансиските извештаи се Билансот на состојба, билансот на успех, Извештајот за паричниот тек и Извештајот за промените на капиталот.

Овие финансиски извештаи, прикажани на страните 5 - 8, претставуваат одговорност на менаџментот на МАКОТЕКС АД - Скопје. Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи засновани на нашата ревизија.

Ние ја водевме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и законските прописи во Република Македонија. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува испитување, засновано на тестови, на докази со кои се поткрепуваат износите и прикажувањата во финансиските извештаи. Ревизијата, исто така, вклучува проценување на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од менаџментот, како и оценка на севкупното прикажување на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека нашата ревизија обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи, ја претставуваат објективно во сите материјално значајни аспекти финансиската состојба на МАКОТЕКС АД - Скопје на 31 декември 2005 година и резултатите на работење за годината која завршува на тој датум, во согласност со прифатените сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Македонија.

Скопје, 10 април 2006 година

Овластен ревизор

Атанасовски Борислав

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
ДОО - Скопје

## МАКОТЕКС АД - Скопје

## БИЛАНС НА УСПЕХ

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **4** | **15.744** | **15.654** |
| Останати деловни приходи | 5 | 34.695 | 26.624 |
| Употребени суровини и помошни материјали | 6 | -820 | -864 |
| Плати и надоместоци од плати | | -12.851 | -14.277 |
| Амортизација | | -6.598 | -6.609 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -16.434 | -8.808 |
| Останати деловни расходи | 7 | -11.391 | -16.305 |
| **Добивка/загуба од редовни активности** | | **2.345** | **-4.585** |
| Финансиски приходи | | 11 | 69 |
| Финансиски трошоци (камати) | | -6.175 | -1.339 |
| **Загуба пред оданочување** | | **-3.819** | **-5.855** |
| Данок од добивка | | - | - |
| **Загуба** | | **-3.819** | **-5.855** |

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## МАКОТЕКС АД - Скопје

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Основни средства | 8 | 136.099 | 142.651 |
| Долгорочни вложувања | 9 | 603 | 603 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **136.702** | **143.254** |
| Залихи | 10 | 20.000 | 103.650 |
| Побарувања од купувачи | 11 | 8.378 | 2.459 |
| Останати краткорочни побарувања | 12 | 246 | 2.475 |
| АВР | | 156 | 152 |
| Парични средства | 13 | 466 | 367 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.246** | **109.103** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **165.948** | **252.357** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 355.637 | 355.637 |
| Ревалоризациона резерва | | 24.661 | 24.661 |
| Непокриена загуба | | -285.015 | -202.978 |
| **Траен капитал** | | **95.283** | **177.320** |
| Обврски према добавувачи | 14 | 4.408 | 7.780 |
| Обврски по краткорочни кредити | 15 | 45.948 | 8.771 |
| Останати краткорочни обврски | 16 | 20.309 | 58.486 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **70.665** | **75.037** |
| **ВКУПНА КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **165.948** | **252.357** |

Финансиските извештаи прикажани на страниците 3 до 18 се одобрени од Одбор на директори на 27 февруари 2006 година и беа потпишани во нивно име од:

Г- дин

Драгољуб Бундалевски
Главен извршен директор

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## МАКОТЕКС АД - Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ

| **во илјади денари** | **Акционерски капитал** | **Ревалоризац. резерви** | **Непокриена загуба** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2005** | **355.637** | **24.661** | **-202.978** | **177.320** |
| Загуба 2005 година | | | -3.819 | -3.819 |
| Вредносно усоглаување на залихите | | | -78.218 | -78.218 |
| **Состојба на 31.12.2005** | **355.637** | **24.661** | **-285.015** | **95.283** |

| **во илјади денари** | **Акционерски капитал** | **Ревалоризац. резерви** | **Непокриена загуба** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 1.01.2004** | **355.637** | **24.661** | **-197.123** | **183.175** |
| Загуба 2004 година | | | -5.855 | -5.855 |
| **Состојба на 31.12.2004** | **355.637** | **24.661** | **-202.978** | **177.320** |

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## МАКОТЕКС АД - Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Загуба | -3.820 | -5.855 |
| Амортизација | 6.598 | 6.608 |
| Побарувања од купувачи | -4.148 | 9.025 |
| Останати побарувања | 455 | -556 |
| Залихи | 5.433 | 1.560 |
| Обврски према добавувачи | -3.372 | -11.398 |
| Останати тековни обврски | -1.000 | 810 |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **146** | **194** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Нови набавки | -46 | -301 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **-46** | **-301** |
| **Нето згол./намалув. на паричните средства** | **100** | **-107** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **365** | **473** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **465** | **365** |

**Белешките содржани од страна 8 до 18 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**МАКОТЕКС АД - Скопје**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

## 1. ОПШТО

Основна дејност на акционерското друштво МАКОТЕКС експорт импорт е трговија на големо со текстил.

Номиналниот капитал на друштвото се состои од 82.817 обични акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 35.9 ЕУР.

Седиштето на МАКОТЕКС АД - Скопје е на улица Македонија 9-11 Скопје.

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на МАКОТЕКС АД - Скопје се изготвени во согласност со законските прописи во Република Македонија, со извесни рекласификации заради усогласување со барањата за известување согласно Меѓународните Сметководствени Стандарди и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување кои се во применуваат во Р. Македонија.

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на претпоставката за континуитет, односно дека друштвото ќе продолжи со своето работење во некое неопределено време.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за 2005 година се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходите

Реализацијата, за која настанал должничко - доверителен однос и за која е издаден соодветен документ, се искажува по фактурна вредност.

### 3.2. Останати приходи

Останатите приходи се приходи кои не потекнуваат од основната дејност на друштвото.

### 3.3. Потрошени суровини и останати материјали

Потрошените суровини и останати материјали се трошоци за остварување на основната дејност на друштвото.

### 3.4. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се надоместуваат од приходот на пресметковниот период кога ќе настанат.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.5. Финансиски приходи

Каматите настанати по основ на побарувања од деловните односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати во рамките на финансиските приходи.

### 3.6. Приходи по основ на долгорочни финансиски вложувања

Приходите по основ на долгорочно вложените средства во банки, други финансиски организации и во трговски друштва се искажуваат во билансот на успехот како приходи во рамките на финансиските приходи.

### 3.7. Финансиски расходи

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловните односи, пресметани до датата на билансот на состојбата, се искажуваат во билансот на успехот во рамките на финансиските расходи

### 3.8. Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на основните средства се состои од фактурната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Основните средства се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на отуѓените и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

### 3.9. Амортизација

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки не пониски од пропишаните во Номенклатурата на средствата за амортизација Пропишаните стапки на амортизацијата за основните средства што ги поседува МАКОТЕКС АД - Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2.5 - 10% |
| Машини | 5 – 10% |
| Канцелариска опрема | 20 - 25% |
| Транспортни средства | 10 - 25% |

### 3.10. Залихи

Залихите се искажуваат по набавна вредност, заедно со трошоците за нивна набавка.

Ситниот инвентар се отпишува во целост при ставањето во употреба.

### 3.11. Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања за испорачаните производи, стоки и услуги.

### 3.12. Парични средства

Паричните средства се состојат од парични средства на жиро сметката во деловни банки, девизни сметки во банка, денарска и девизна благајна, чекови и други парични средства.

### 3.13. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалниот среден девизен курс на денот на трансакцијата. Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на последниот ден од пресметковниот период.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од финансиските приходи, односно од финансиските расходи.

### 3.14. Данок од добивка

Ако правно лице оствари добивка пред оданочување има обврска да плаќа данок од добивка. Добивката пред оданочување утврдена, според одредбите од Законот за данок од добивка, се корегира за одредени приходи, расходи и инвестиции. Стапката на данокот од добивка во Република Македонија изнесува 15%.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на домашен Пазар | 15.744 | 15.654 |
| **Вкупно** | **15.744** | **15.654** |

МАКОТЕКС АД - Скопје

## 5. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 23.032 | 18.904 |
| Приходи од дивиденди | 16 | |
| Приходи од отпис на обврски | 11.450 | 3.694 |
| Приходи од минати години | 195 | 4.017 |
| Останато | 2 | 9 |
| **Вкупно** | **34.695** | **26.624** |

## 6. ПОТРОШЕНИ СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 779 | 847 |
| Отпис на ситен инвентар | 41 | 17 |
| **Вкупно** | **820** | **864** |

## 7. ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ ТРОШОЦИ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Потрошена енергија | 4.223 | 3.467 |
| Транспортни трошоци | 334 | 434 |
| Услуги | 1.573 | 1.990 |
| Отпис на побарувања | 435 | 4.514 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години | 2.327 | 3.137 |
| Останати трошоци | 2.499 | 2.763 |
| **Вкупно** | **11.391** | **16.305** |

## 8. ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Ревалоризираната набавна вредност на основните средства и нивната исправка на вредноста се како што следи:

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

| во иљјади денари | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Останати средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вресност** | | | | | |
| **Состојба 1.01.2005** | **10.821** | **238.281** | **21.190** | **3.867** | **274.159** |
| Нови набавка | | | 46 | | 46 |
| Расход и отпис | | | | | 0 |
| Ревалоризација | | | | | 0 |
| **Состојба на 31.12.2005** | **10.821** | **238.281** | **21.236** | **3.867** | **274.205** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба 1.01.2005** | | **106.950** | **20.720** | **3.837** | **131.507** |
| Амортизација | | 6.405 | 190 | 4 | **6.599** |
| Расходување и продажба | | | | | **0** |
| **Состојба 31.12.2005** | **0** | **113.355** | **20.910** | **3.841** | **138.106** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2005** | **10.821** | **124.926** | **326** | **26** | **136.099** |

| во иљјади денари | Земјиште | Градежни објекти | Опрема | Останати средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вресност** | | | | | |
| **Состојба 1.01.2004** | **10.821** | **238.214** | **20.954** | **3.867** | **273.856** |
| Нови набавка | | 67 | 235 | | 302 |
| Расход и отпис | | | | | 0 |
| Ревалоризација | | | | | 0 |
| **Состојба на 31.12.2004** | **10.821** | **238.281** | **21.189** | **3.867** | **274.158** |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба 1.01.2004** | | **100.504** | **20.557** | **3.837** | **124.898** |
| Амортизација | | 6.446 | 163 | | **6.609** |
| Расходување и продажба | | | | | **0** |
| **Состојба 31.12.2004** | **0** | **106.950** | **20.720** | **3.837** | **131.507** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2004** | **10.821** | **131.331** | **469** | **30** | **142.651** |

## 9. ДОЛГОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **9.1. Вложувања во банки и финан. организации** | | |
| Инвест банка АД - Скопје | 346 | 346 |
| **Вложување во банки и фин. организации** | **346** | **346** |
| **9.2 Останати вложувања** | | |
| Хуматекс - Унгарија | 188 | 188 |
| Останати | 69 | 69 |
| **Вкупно останати вложувања** | **257** | **257** |
| **ВКУПНО ДОЛГОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА** | **603** | **603** |

## 10. ЗАЛИХИ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Ситен инвентар | 788 | 788 |
| Стоки на залиха | 98.217 | 104.142 |
| | 99.005 | 104.930 |
| Минус - Исправка на вредност | -79.005 | -1.280 |
| **Вкупно** | **20.000** | **103.650** |

Во вредноста на исправката од 79.005 илјади денари, содржан е износот од 78.218 илјади денари што преставува исправка на вредноста на застарена и некурентна залиха на трговски стоки.

## 11. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 16.887 | 7.243 |
| Побарувања по основ на увоз за туѓа сметка | | 876 |
| | 16.887 | 8.119 |
| Минус - Исправка на вредност | -8.509 | -5.660 |
| **Вкупно** | **8.378** | **2.459** |

## 12. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Побарувања од закуп | | 3.589 |
| Побарувања за повеќе платени даноци | 48 | 48 |
| Побарувања од вработените | 197 | 1.865 |
| | 245 | 5.454 |
| Минус - Исправка навредност | | -2.979 |
| **Вкупно** | **245** | **2.475** |

## 13. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| **во илјади денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 4 | 5 |
| Денарска благајна | 376 | 230 |
| Девизна сметка | 2 | 2 |
| Девизна благајна | 84 | 130 |
| **Вкупно** | **466** | **367** |

## 14. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| во илјади денари | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 3.821 | 6.980 |
| Обврски према увозник | | 613 |
| Обврски за нефактирирани стоки | 587 | 187 |
| **Вкупно** | **4.408** | **7.780** |

## 15. ОБВРСКИ ПО КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

| во илјади денари | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Еуро бизнис Центар | 4.103 | 1.493 |
| Милениум Инвестментс | 30.627 | 4.242 |
| Макотекс Милениум | 5.358 | 3.014 |
| Камати | 5.860 | 22 |
| **Вкупно** | **45.948** | **8.771** |

## 16. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| во илјади денари | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Обврски за даноци | 336 | 406 |
| Обврски за плати | 19.841 | 57.158 |
| Обврски кон вработените по други основи | 132 | 922 |
| **Вкупно** | **20.309** | **58.486** |

## 17. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ И КОЕФИЦИЕНТИ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

Званичните девизни курсеви користени при прикажување на билансните позиции деноминирани во странска валута, на ден 31 декември се следните:

| **во денари** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| УСД | 51.86 | 45.07 |
| ЕУР | 61.18 | 61.31 |
| ЦХФ | 39.71 | 39.71 |
| Зголемување/ намалување на индексот на цени користен за ревалоризација на основните средства и капиталот | 0.04 | 0.013 |